РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр.08-138
28.03.2018 година
Скопје

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 76 став 7 и член 24 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 2, член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, во врска со поднесеното Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс, на државно ниво, бр.08-138 од 21.03.2018 година со дополнувања од 23.03.2018 година, 26.03.2018 година и 27.03.2018 година, и Заклучокот бр.02-1411/2 од 28.03.2018 година, на својата 18-та седница одржана на 28.03.2018 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за доделување на дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на државно ниво

1. СЕ ДОДЕЛУВА дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, на државно ниво, на правното лице Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, со седиште на ул.„Шидска" бр.18 Скопје – Ѓорче Петров, со ЕМБС 4362667 и ЕДБ 4030992252449.

Телевизискиот програмски сервис од став 1 на оваа точка се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

2. Дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се доделува за временски период од 9 (девет) години.

3. По приемот на оваа Одлука за доделување дозвола, Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, треба да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар.

Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, ќе плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата, за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

4. Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се обврзува да започне со вршење на дејноста веднаш по издавањето на дозволата за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на државно ниво.

Во случај на непочитување на рокот за започнување со вршење на дејноста наведен во став 1 на оваа точка од Одлуката, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

5. Оваа Одлука е конечна и се објавува на веб страницата на Агенцијата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 76 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), доделува дозвола за телевизиско или радио емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, за која не се распишува јавен конкурс и дозволата се доделува по барање на заинтересирана страна на начин и постапка утврдени со напред цитираниот Закон.

Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, на 21.03.2018 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесе Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс бр.08-138, за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, кој ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на државно ниво.

По приемот на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс, беше констатирано дека истото не ги содржи сите податоци согласно член 76 став 3 и став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со оглед на тоа, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 76 став 6 од истиот Закон, на 23.03.2018 година, го извести подносителот на барањето Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје и го задолжи во рок од 10 (десет) дена, од денот на приемот на известувањето, да го дополни Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс бр.08-138 од 21.03.2018 година. Подносителот на барањето Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, уредно го дополни барањето, а дополнувања ги достави до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 23.03.2018 година, 26.03.2018 година и на 27.03.2018 година.

По разгледување на поднесеното Барање за доделување дозвола без објавување јавен конкурс бр.08-138 од 21.03.2018 година, со дополнувања од 23.03.2018 година, 26.03.2018 година и од 27.03.2018 година, а согласно член 76 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се утврди дека предметниот барател ги исполнува условите и обврските утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на овој Закон, како и тоа дека на барателот правното лице Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, не му е одземена дозвола за телевизиско или радио емитување во последните 5 (пет) години.

По приемот на оваа Одлука за доделување дозвола, Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, треба да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар. Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, ќе плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата, за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата. Начинот на пресметка, фактурирање и наплата на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување по барање преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс ги утврдува

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 80 од напред цитираниот Закон и согласно Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-6222/1 од 12.12.2014 година.

Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се обврзува да започне со вршење на дејноста веднаш по издавањето на дозволата за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на државно ниво, така што во случај на непочитување на рокот за започнување со вршење на дејноста, согласно член 82 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на сето погоре наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 18-та седница, одржана на 28.03.2018 година, донесе Одлука како во диспозитивот, која е конечна и по нејзиното донесување се објавува на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука, барателот за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа, на државно ниво, доколку е незадоволен од одлуката, може да поднесе тужба до надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Друштвото за производство, трговија и услуги БМЈ МЕДИА ГРОУП ДОО Скопје;
- Директорот на Агенцијата;
- Сектор за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата;
- Сектор за правни и економско-финансиски работи; и
- Назначеното лице за водење на Уписникот за предметите по првостепената постапка во Агенцијата (Уп1).